Повик за предлог проекти во рамките на проектот

# „ЗАЕДНО ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ЛОКАЛНО НОВИНАРСТВО“

Објавен на 13 мај 2024 г.

*Упатство за апликанти*

Краен рок за поднесување на предлог проекти: 13 јуни 2024 г.

Проектот е имплементиран од Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, во партнерство со Институтот за човекови права (ИЧП). Овој проект е финансиран од Европската Унија.

## СОДРЖИНА

1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНО ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ЛОКАЛНО НОВИНАРСТВО“ ..... 2

2. ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ..... 3

- Цел на повикот ..... 3
- Содржина на предложените акции ..... 3
- Времетраење на проектите ..... 3
- Видливост на проектите ..... 4
- Критериуми за учество во повикот ..... 4
- Подобност на трошоци ..... 4
- Консултативен состанок ..... 5
- Критериуми за оценување и избор ..... 6
  1. Оценување на апликациите според основните административни барања ..... 6
  2. Оценување на предлог проектите ..... 6
- Обврски на граѓанските организации ..... 6
- Начин на поднесување на апликациите ..... 7
- Дополнителни појаснувања ..... 7

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

MEDIUM

Институт за човекови права

## 1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНО ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ЛОКАЛНО НОВИНАРСТВО“

Проектот **„Заедно за поквалитетно локално новинарство“** го спроведува Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ во партнерство со Институтот за човекови права, со цел **зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми**. Проектот се реализира со финансиска поддршка од Европската Унија и се наоѓа во втора година од имплементација.

Во рамките на проектот предвидено е да се реализираат следниве специфични цели:

1. Да се зајакнат капацитетите на новинарите од локалните медиуми, особено на претставниците од етничките малцинства, за практикување истражувачко новинарство, дигитална и медиумска писменост, како и стандардите за човекови права во нивната работа;
2. Да се зајакнат капацитетите на студентите по новинарство за професионален развој и креативно медиумско изразување преку практикантска работа;
3. Да се подобри влијанието и соработката помеѓу локалните граѓански организации и локалните медиуми за промовирање на правата на новинарите, поттикнување на борбата и реагирањето на сите форми на насилство против новинарите, промовирање на професионалните стандарди и слобода на говорот.

Резултатите кои ќе произлезат од овој проект имаат за цел да влијаат врз целната група која се состои од локалните медиуми од општините: Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид, сопствениците, уредниците, новинарите и медиумските работници, граѓански организации и студенти по новинарство. Резултатите кои ќе бидат постигнати со овој проект се:

- Р1: Обезбедено знаење и практично искуство за локални новинари во областа на истражувачкото новинарство, дигиталната и медиумската писменост и човековите права;
- Р2: Обезбедена практикантска работа и пристап до професионална обука и развој на студенти по новинарство;
- Р3: Зголемени капацитети на граѓанските активисти и новинарите за да се обезбеди позитивно препознавање на важната улога на медиумските работници на локално ниво.

Проектот досега има спроведено фокус групи и проценка на потребите за решавање на специфични приоритети на локалните медиуми, спроведено истражување и анализа на актуелната состојба со локалните медиуми и нивните предизвици, подготовка на водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумската работа, организирани три обуки за медиумските работници. Во тек е практикантската работа и менторска поддршка за студентите по новинарство во локалните медиуми. Останува да се спроведе регрантирање на средства за акции спроведени од локалните граѓански организации за промоција на важноста на новинарската професија, поддршка за имплементација на локални новинарски иницијативи/кампањи и други активности.

Периодот на имплементација на проектот е од 3 јануари 2023 година до 3 јануари 2025 година.

## 2. ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, во партнерство со Институтот за човекови права, во рамките на заедничкиот проект **„Заедно за поквалитетно локално новинарство“,** финансиран од Европската Унија преку ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2021, објавуваат повик за доделување на грантови за граѓански организации (ГО). Грантовите се доделуваат за акции во рамки на грантовата шема на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“.

**Во рамките на овој повик ќе се доделат 4 мали грантови со максимален износ од 3.000 евра по грант. Вкупниот износ на повикот е 12.000 евра.**

### Цел на повикот

Целта на овој повик е да се обезбеди поддршка за 4 (четири) граѓански организации на локално ниво кои работат кон зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми. Грантовите ќе се доделуваат на ГО кои остваруваат активности за заштита и унапредување на правата на новинарите, работните односи, медиумската етика, пристап до информации, медиумска писменост и сл. и кои се регистрирани во една од проектните општини: Гостивар, Тетово, Дебар, Кичево, Куманово, Охрид, Струга и Шуто Оризари.

### Содржина на предложените акции

Од заинтересираните ГО се очекува да поднесат проектни апликации во кои ќе ги образложат своите иновативни акции насочени кон зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми. Предложените акции треба да се во насока на **тематските области на Повикот**:

1. **ЗАШТИТА**
   - развој на поволна средина за заштита и остварување на правата на новинарите и подобрување на медиумското известување во согласност со професионалните и етичките новинарски стандарди;
2. **ПРОМОЦИЈА**
   - промовирање независно и истражувачко новинарство преку заштита на правото на слобода на изразување;
3. **ЗАСТАПУВАЊЕ**
   - застапување за подобри работни услови и промовирање на закони, стандарди и практики кои ја штитат слободата на изразување;
4. **ПРЕПОЗНАВАЊЕ**
   - справување со дезинформации, пропаганда и говор на омраза, промовирање на медиумска писменост и родова еднаквост.

Организациите кои ќе се пријават на Повикот мора да предложат акции кои се спроведуваат во соработка со локален медиум (телевизија, радио, интернет портал). За тоа треба да поднесат и пишан доказ за партнерство, т.е. Изјава за партнерство.

### Времетраење на проектите

Спроведувањето на акциите треба да се одвива во времетраење од **максимум 4 (четири) месеци.** Акциите може да започнат најрано во јули 2024 година, а мора да завршат најдоцна до ноември 2024 година.

### Видливост на проектите

Апликантите мора да ги преземат сите неопходни чекори за обезбедување на проектна видливост. Детални насоки за видливост ќе бидат споделени со грантистите по потпишување на договорот.

### Критериуми за учество во повикот

Организациите кои сакаат да учествуваат на повикот мораат да ги исполнуваат следниве критериуми:

- да се регистрирани во една од проектните општини Гостивар, Тетово, Дебар, Кичево, Куманово, Охрид, Струга и Шуто Оризари и да дејствуваат според Законот за здруженија и фондации на Република Северна Македонија и
- да се основани и да функционираат најмалку една година пред датумот на објавување на овој повик.

На повикот не можат да бидат предложени акции кои се спроведуваат во рамките на тековни проекти на организациите финансирани од други донатори.

На повикот не е дозволено учество на политички партии, профитни организации и граѓански организации кои промовираат и користат насилство.

На повикот не може да учествуваат организации кои се корисници на грант од Делегацијата на Европската Унија (како главен спроведувач или како партнер) во рамките на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2021.

Не е неопходно кофинансирање од страна на апликантот. Преку овој повик ќе се доделат најмногу 4 грантови. Точниот износ на поединечниот грант ќе се утврди врз основа на проценката на предложениот буџет во однос на неговата ефикасност и поврзаност со предложените активности. МЕДИУМ го задржува правото да не ги додели сите расположливи средства според овој повик.

### Подобност на трошоци

Трошоците кои се подобни во рамките на овој повик се трошоци кои:

- Се направени од страна на корисникот на грантот во текот на проектот и поврзани со активностите планирани во рамки на договорот за грант;
- Се наведени во проценетиот вкупен буџет на проектот приложен кон договорот за грант;
- Се неопходни за спроведување на проектот кој е предмет на договорот за грант;
- Може да се утврдат и потврдат, како и да се евидентирани во сметководството на корисникот и утврдени согласно важечките сметководствени стандарди во државата во која е основан корисникот (корисниците), и во согласност со вообичаената пракса за сметководствена евиденција на трошоците на корисникот;
- Се во согласност со барањата на соодветното даночно и социјално законодавство; и
- Се разумни, оправдани и во согласност со принципот за добро финансиско управување, особено во однос на економичност и ефикасност.

#### *Прифатливи трошоци*

Грантот ќе покрие само прифатливи трошоци. Прифатливи се оние трошоци кои се директно поврзани со предложените проектни активности:

- Трошоци за човечки ресурси - бруто-плата / хонорари за персоналот вклучен во реализирањето на предлог-проектите. Се препорачува вкупниот износ во оваа категорија да не надминува повеќе од 30% од вкупниот износ на грантот.
- Патувања - патни трошоци поврзани со активностите во проектот.
- Административни трошоци – најмногу до 7% од вкупните директни трошоци (кирија, комуникациски трошоци, канцелариски трошоци итн.).
- Директни трошоци настанати за време на фазата на спроведување на предложените активности (вклучително и трошоци за надворешни лица/експерти од кои ќе се побара стручна поддршка, трошоци за видливост).

***Неприфатливи трошоци***

- Набавка на опрема;
- Трошоци за ДДВ;
- Долгови и давачки за сервисирање на долгот (камати);
- Резерви за загуби или потенцијални идни обврски;
- Трошоци пријавени од страна на грантистот/ите, а финансирани од друг проект или програма за работа кои добиваат грант од Европската Унија (вклучително и преку EDF) или се веќе финансирани од други донатори;
- Набавка или реновирање недвижнини;
- Набавка на возила или мебел;
- Загуби од курсни разлики;
- Кредити за трети лица;
- Трошоци за плати за лица кои работат во државните администрации;
- Трошоци за финансирање политички партии и избори;
- Трошоци за ретроспективно финансирање;
- Трошоци за активности надвор од земјата (студиски посети, итн.);
- Трошоци за организирање на настан, на пример конференција, ако конференцијата е единствена активност во проектот

**<u>Апликацијата за грант се состои од:</u>**

1. Образецот за пријавување (Прилог 1).
2. Образец за предлог – буџет (Прилог 2). Буџетот треба да биде испланиран во рамките на трошоците дозволени во буџетскиот образец.
3. Изјава за партнерство од локален медиум (Прилог 3).

**<u>Во прилог на пријавата задолжително се доставуваат и:</u>**

4. Тековна состојба од Централен регистар за апликантот не постара од шест месеци.
5. Кратки биографии на клучниот персонал кој ќе биде вклучен во реализацијата на проектот.

**Обрасците треба да бидат пополнети електронски. Рачно пишувани апликации нема да бидат земени предвид.**

### Консултативен состанок

За заинтересираните кандидати, Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, во партнерство со Институтот за човекови права, ќе организира информативна сесија на која ќе бидат претставени целите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“, условите за учество во грантовата шема, процесот на селекција, како и методологијата за спроведување на

добиените грантови. Информативната сесија ќе се одржи на **30 мај 2024** година на платформата ЗУМ со почеток во **11 часот**.

### Критериуми за оценување и избор

Предложените активности треба да бидат во согласност со овој повик. Предлозите ќе се оценуваат од страна на **Комисија за евалуација** која ќе биде формирана за целите на оваа активност. Селекцијата на ГО ќе се врши врз основа на однапред воспоставени критериуми за избор кои се дел од овој повик.

Изборот на граѓанските организации на кои ќе им биде доделен грант ќе се одвива во две фази и тоа:

#### 1. Оценување на апликациите според основните административни барања

- Образецот е соодветно пополнет и со придружната документација е доставен во рок и на начин предвиден со Повикот;
- Временска рамка и висината на буџетот соодветствуваат со барањата од Повикот;
- Организацијата ги исполнува условите за аплицирање на повикот.

Предност за финансирање ќе им се даде на предлог проектите кои се однесуваат на зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми. Предност ќе имаат и оние ГО кои остваруваат активности за заштита и унапредување на правата на новинарите, работните односи, медиумската етика, пристап до информации, медиумска писменост и слично.

#### 2. Оценување на предлог проектите

Предлог проектите ќе се оценуваат согласно следнава табела за бодување:

| Критериуми | Опис | Бодови |
|---|---|---|
| Предлог проект | Акцијата предвидува креативен и рационален технички пристап кој придонесува кон остварување на целите и приоритетите на повикот, таа придонесува кон општата цел на проектот и ја унапредува состојбата на локалните медиуми и новинари | 50 |
| Предлог буџет | Вредност за пари, број на активности, ефективна временска рамка | 30 |
| Капацитет на ГО | Досегашни достигнувања и влијание во заедницата преку постигнување на промени согледани преку реализирани проекти | 20 |
| **Вкупно** | | **100** |

### Обврски на граѓанските организации

Финансиската поддршка се доделува со цел да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации кои работат во областа на слободата на изразување и медиумите.

Во рамките на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“, Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, во партнерство со Институтот за човекови права, планирана

е и еднодневна обука за ГО на кои ќе им бидат доделени грантови. Целта на обуката е јакнење на капацитетите на ГО и локалните медиуми вклучени како партнери во проектот со фокус на непречено спроведување на проектни акции и известување, како и застапување на проектни активности.
**Учеството на обуката е од обврзувачки карактер за грантистите**.

### Начин на поднесување на апликациите

Целосната апликација (Образецот за пријавување (Прилог 1), Образец за предлог – буџет (Прилог 2), Изјава за партнерство од локалниот медиум (Прилог 3), тековна состојба од Централен регистар за апликантот не постара од шест месеци и кратки биографии на клучниот персонал кој ќе биде вклучен во реализацијата на проектот) треба да биде поднесена од една организација – **Носителот на проектот** – со која ќе биде потпишан договор за грант доколку предложената акција е избрана за финансирање.

Образецот и останатите документи кои се дел од пријавата треба да бидат испратени по мејл на community.mediadev@gmail.com, не подоцна од **13 јуни 2024 година до 16 часот**. Сите апликации кои ќе пристигнат по истекувањето на рокот за пријавување нема да бидат земени во предвид.

Во Пријавата, кандидатите накратко треба да ги објаснат своите предлози, каков ќе биде нивниот придонес кон општата цел и посебните цели на проектот, во која временска рамка се очекува да се спроведат активностите, кои ќе бидат резултатите на проектот и како тие го унапредуваат капацитетот и професионалните стандарди на локалните новинари.

МЕДИУМ и ИЧП го задржуваат правото да побараат дополнителни информации за предлозите или за подносителите на апликациите коишто сметаат дека се потребни за оценувањето.

### Дополнителни појаснувања

Грантот ќе се додели во денарска противвредност на банкарска сметка на организацијата-Носител. Предложениот буџет не смее да го надмине максималниот износ.

Организацијата-Носител ќе биде единствено одговорна за реализацијата на активностите и плаќањата согласно буџетот на акцијата.

Сите организации кои се пријавиле ќе бидат писмено известени за резултатите од Повикот.

Доколку имате дополнителни прашања или потреба од појаснувања ве молиме да се обратите на писмено до Добринка Стојановска на следната мејл адреса community.mediadev@gmail.com или до Марија Чекреџи на marija.chekredji@ihr.org.mk. Сите прашања и одговори ќе бидат јавно објавени на веб страните на МЕДИУМ и ИЧП.

**Крајниот рок за поднесување на пријавите е 13 јуни 2024 година.**